# Australian Macedonian TODAY

33 YEARS

Австралиско Македонски ДЕНЕС

YEAR XXXIV No 1973 9 AUGUST 2024 FREE





FREE DIGITAL EDITION

SCAN the QR CODE

SIGN UP NOW!

РЕГИСТРИРАЈТЕ СЕ ЗА ДА ГО ДОБИВАТЕ БЕСПЛАТНО ДИГИТАЛНОТО ИЗДАНИЕ НА www.australianmacedonian.com.au/subscribe


# ЗЛАТО ЗА МАКЕДОНСКАТА КОШАРКАРСКА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА



## МАКЕДОНСКИТЕ ЈУНИОРИ СЕ ШАМПИОНИ ВО ЕВРОПА

## ПОВИК ЗА ОТКАЖУВАЊЕ ОД НУКЛЕАРНИТЕ ЗАКАНИ: ХИРОШИМА ОДБЕЛЕЖА 79 ГОДИНИ ОД АТОМСКАТА БОМБА

## МИЦКОСКИ ОЧЕКУВА ЗА МЕСЕЦ-ДВА „ВОСТАНИЕ“ НА ДУИ ЗА ЗАШТИТА НА УКРАДЕНОТО ВО ПОСЛЕДНИТЕ 22 ГОДИНИ



# Полни плажи, полни ресторани – нема каде игла да фрлиш во Охрид во ек на сезоната



Летно лудило го зафати Охрид, градот бруи од сите страни, слободни соби во хотелите и студијата нема. Првичните проценки говорат дека минатиот викенд пристигнаа над 30.000 коли од земјата и од странство. Во неподносливо топлите ноќи градот е буден 24/7. Покрај домашните, забележливо е присуство на гости не само од европски држави, туку и од целиот свет: „Јас сум од Холандија и овде ќе престојувам 3 недели, бидејќи се чувствувам исполнето, убаво. Ме воодушевува природата... А ние сме од Австралија, овде ќе направиме свадба за нашата ќерка, ќе се заветат на вечна љубов во црквата „Свети Јован“ - Канео. Си најде добро момче со македонско потекло... Ова е едно убаво место со љубезен народ. Преубаво е, немам никакви замерки, се е беспрекорно“.

Магистралниот пат Охрид-Свети Наум е преоптоварен и нефункционален - до плажите, каде се создава метеж, се патува и по неколку часови. Затоа некои од побараа освежување и на кејот од Охридското Езеро, под дебелите сенки на градското шеталиште: „Со чамец си одам јас, не ме интересираат гужвите, чамецот ми е на пристаниште и си одам по плажите, си бирам плажи кај што има помалу луѓе... По четврти пат доаѓаме во Охрид од Србија и секогаш ни е убаво. Навечер е гужва но тоа е нормално. За да ги избегнеме гужвите се разладуваме на кејот, водата е чиста. Секое доаѓање Охрид ни е се поубав, единствена замерка е недостигот на паркинзи.“

AUSTRALIAN MACEDONIAN TODAY
Published by:
AEA ETHNIC PUBLISHERS P/L
Postal: PO Box 544
Thomastown,
Victoria 3074 Australia

Phone: 0403 152 671
Email: amwtoday@icloud.com

Во претпладневните часови во центарот на градот се претежно семејни луѓе, уживаат во ретките часови кога градот тихува. Пред рестораните, во маркетите се чекаат редици, а на охридското шеталиште и по чаршијата, посебно во вечерните часови, владее хаос и нема место да се разминеш. Заеднички е заклучокот дека има цени за сечиј џеб и не треба да се генерализира дека Охрид е скап.



*Во Охрид поделени според музичките вкусови: Лени Кравиц vs Аца Пејовиќ*

Најавените концерти и фестивали оваа недела дополнително привлекоа голем број туристи, музичките настани го кренаа градот на нозе. По спектакуларниот концерт на Лени Кравиц, што минатиот викенд се одржа на стадионот „Билјанини Извори“ во Охрид, во организација на „Авалон“, се огласи нејзиниот сопственик, Бобан Милошески: „Полесно е да направиш во Мариово Формула 1 отколку да организираш овде ваков концерт, по ваква ‘величествено сељачка агенда’ каква што имаше овој објект пред концертот на Lenny Kravitz, што го доведе во прашање неговото организирање. Ни беше забранет влез на стадион до сабота на полноќ, бидејќи имаше ‘ексклузивен концерт’ на Аца Пејовиќ, кој е толку ексклузивен што уште во Долно Коњари нема пеено - во Горно секако дека има! Неколку пати“, напиша Милошески на фејсбук.






## ЖИТЕЛИ НА КОСОВО ПРОТЕРАНИ ОД ШАР ПЛАНИНА ОТИ НА ДИВО БЕРЕЛЕ БОРОВИНКИ ЗА ПРОДАЖБА

Од Националниот парк „Шар Планина“ велат дека во последниов период добиле дојави од локалното население дека на падините на Шара доаѓаат собирачи на шумски плодови од Косово. Од Националниот парк велат дека е забрането странци да собираат плодови за комерцијална употреба, туку тоа им е дозволено само на локалното население кое живее во паркот и тоа само со посебна дозвола.

Во овој период од годината актуелна е бербата на боровинки, но може да се најдат и шумски јагоди, малини како и повеќе видови лековити билки.

„Во изминатите денови по дојава на локално население, на три различни локации, беа стопирани и истерани собирачи од соседна земја“, се вели во соопштението од Националниот парк.

Од НП „Шар Планина“ подготвуваат листа на собирачи, а оние кои сакаат да се бават со собирање шумски плодови ќе бидат обучени кои растенија и плодови може да се собираат, на кој начин и на кои предели.

Од Национален парк, исто така, велат дека е строго забрането: да се пали оган на отворен простор, да се фрлаат пластични и стаклени шишиња, да се пали отпад и друг горлив материјал и да се фрлаат догорчиња од цигари.

# Во јули регистрирани 620 пожари, Владата ги разгледува причините



Владата на Македонија ја разгледа информацијата за состојбите со пожарите во државата, при што беше истакнато дека од последните 13 пожари два се целосно изгаснати, четири се активни, а другите се под контрола.

Се уште се активни пожарите кај Македонски Брод, Демир Хисар и кај селото Негорци, соопшти Центарот за управување со кризи (ЦУК). Најголем проблем предизвикува пожарот во близина на село Брезница, каде теренот е тежок и непристапен.

Како што информира владината прес-служба, само во јули се регистрирани 620 пожари.

На седницата се дискутирало и за штетите, но и за причините за толкавиот број пожари. Констатацијата е дека најголем дел од пожарите се предизвикани од човечки фактор, најмногу ненамерно, поради палење стрништа, пасишта и меѓи, додека во делот на намерно предизвиканите пожари, преовладуваат криминални мотиви и има повеќе такви случаи кои се испитуваат.

Потенцирана е и брзата реакција од Владата, дека по првите поголеми пожари за само неколку часа е прогласена кризна состојба, а се одговорило и на барањето за вклучување на Армијата со помош за справување на состојбата.

„Состојбата ги надмина домашните ресурси, односно тие беа недоволни за справување со огнената стихија и веднаш од страна на Владата беше побарана странска помош односно активиран ЕУ механизмот за цивилна заштита, со оглед на тешката затекната ситуација и расположливите ресурси“, информира владината прес-служба.



## „YAHOO BOYS“ ИМАЛЕ РАЗРАБОТЕН ПЛАН И ОБУКА ЗА ИЗМАМНИЦИ:

# Сексуални уцени преку инстаграм и фејсбук

*Мета* избриша 63.000 профили на *Фејсбук* и *Инстаграм* од *Нигерија* кои беа вклучени во измами и сексуални уцени, меѓу кои и мрежа од 2.500 профили поврзани со 20 лица кои мамеле главно возрасни мажи.



*Мета* компанијата сопственик на *Фејсбук* и *Инстаграм*, вели овие профили биле поврзани со организирана група за сајбер криминал наречена *„YAHOO BOYS“*, која претходно годинава направиле организирани обиди за изнуда и нивни мети биле тинејџери од *Австралија, Канада* и *САД*.

Случаите кога некои од овие профили се обиделе да уценуваат малолетници, компанијата *Мета* ги пријавила во Националниот центар за исчезнати и експлоатирани деца *NCMEC*.

Покрај тоа, *Мета* избриша 1.300 Фејсбук профили, 200 Фејсбук страници и 5.700 групи на *Фејсбук*, исто така со седиште во *Нигерија*, кои се користеле за организирање, регрутирање и обука на нови измамници. Обуката опфаќала продажба на скрипти и водич за измами и споделување линкови од колекции фотографии кои се користеле при регистрирање и пополнување лажни профили, рекоа од *Мета*. Компанијата во април соопшти дека има нови методи за идентификување на профили кои можеби се вклучени во сексуална изнуда и се преземаат мерки за спречување на интеракција на овие профили со тинејџери. Покрај тоа, *Мета* применува и мерки со кои автоматски се блокираат обидите на измамниците да се вратат во играта со креирање нови профили на нејзините платформи.

*„Изнудата е ужасен злочин кој може да има катастрофални последици“* - велат од *Мета*.

Сексуалните измами (уцени, изнуди) се форма на сајбер криминал каде сторителите ги поттикнуваат жртвите да им испратат експлицитни слики или видеа, потоа се закануваат дека ќе ги објават доколку не им се платит откуп или не им се испратат уште слики и видеа.

Измамниците, кои обично се кријат зад лажен или туѓ идентитет, на почетокот се преправаат дека се заинтересирани за жртвата, дека сакаат романса, со цел да ја придобијат нејзината доверба, а потоа ја убедуваат да сподели со нив интимни фотографии. Во следната фаза, измамникот ги открива своите вистински намери, заканувајќи се дека ќе проследи компромитирачки фотографии и видеа до пријатели на жртвата, семејството или јавни портали доколку не му биде платено.

Сексуалната изнуда може да има катастрофални, долготрајни последици врз жртвата, така што платформите за социјалните мрежи кои измамниците ги злоупотребуваат за да ги извршат овие злосторства постојано работат на методи за брзо идентификување и отстранување на профилите на измамниците.

*Мета* вели дека на тој фронт постигнува резултати, но тоа е простор во кој криминалците постојано еволуираат за да ја избегнат нивната *„се подобра од-*



Др. Сузана Котевска
СПЕЦИЈАЛИСТ ГИНЕКОЛОГ - АКУШЕР
ВИ ГИ НУДИ СЛЕДНИТЕ УСЛУГИ И СОВЕТИ
- Водење на бременост, прегледи и породување
- Гинеколошки операции
- Гинеколошки прегледи и совети за болни менструации
- Лекување на стерилитет
- Пап тест
- Климактерични тегоби
- Совети за контрацепција
- Проблеми со бешиката
ЗАДОЛЖИТЕЛЕН Е УПАТ ОД ВАШИОТ ФАМИЛИЈАРЕН ДОКТОР
Level 1, 117 / 320 Victoria Parade East Melbourne, 3002
Inside Epworth Freemasons Medical Centre
Tel: 9419 8333 Fax: 9415 9998
email: stelaobs@bigpond.com

*брана*".

Заштитните системи на *Мета* и мерките против изнудување вклучуваат заштита од голотија (автоматско замаглување) во пораките, подесувања на пораки за младите корисници на платформите на *Мета* со кои можат да се блокираат несаканите контакти и ги прикажуваат безбедносни известувања, како и криење профили на тинејџери од потенцијални измамници или оневозможување праќање пораки, скокачки пораки на корисници кои комуницирале со уценувачи кои ги упатуваат на портали како што е *Stop Sextortion Hub* итн.

Сексуалната изнуда насочена кон млади мажи за жал е во пораст, а во некои случаи ги довела жртвите до самоубиство. Неодамнешниот извештај на *Блумберг* откри самоубиства поттикнати од сексуална изнуда, откривајќи како измамниците се претставуваат како тинејџерки на *Инстаграм* и *Снепчет* за да ги намамат жртвите и да ги убедат да им праќаат експлицитни фотографии, кои потоа ги користат за да ги уценуваат за пари или да добијат повеќе слики кои ги препраќаат на своите пријатели.

## ПЕНИ ВОНГ:

# Одбранбениот договор меѓу Русија и Северна Кореја е ризичен за светот




Австралиската министерка за надворешни работи **Пени Вонг** изјави дека договорот за одбрана кој го потпишаа *Северна Кореја* и *Русија* претставува ризик за светот и е дестабилизирачки фактор.

Севернокорејскиот лидер **Ким Џонг Ун** и рускиот претседател **Владимир Путин** во јули потпишаа договор со кој се договорија за взаемна воена помош во случај една од земјите да биде нападната.

*„Сакам да го прокоментирам безбедносниот договор меѓу Северна Кореја и Русија. Повторувам ова е дестабилизирачко. Тој претставува ризик за светот. Русија се однесува на начини кои не придонесува за мир, туку ги ескалираат тензиите*" - рече **Вонг** за време на посетата на погранично село кое го делат *Северна* и *Јужна Кореја*.

**Ванг** ги осуди ракетните тестови на *Северна Кореја*, кои според неа ја загрозуваат регионалната безбедност.

*„Имаме голема зедничка загриженост поради ескалационите реакции на Северна Кореја и дестабилизирачките акции*" - додаде **Ванг**, која во Сеул се сретна и со јужнокорејскиот министер за надворешни работи **Чо Тае-јул**.

Министрите се договорија на заедничка работа со меѓународната заедница за соочување со севернокорејското и руското воено партнерство, јакнење на билатералната соработка во областа на економската безбедност, климатските промени и други области.




# Ангелов: Земјоделците да не користат плински уреди на нивите, во ЕВН да се пријавуваат олабавени жици од бандерите



Забележани се две карактеристични причини како ризик за избувнување на пожарите, а тоа е употреба на плински боци од страна на земјоделците и лабави жици на бандерите, информираше директорот на Центарот за управување со кризи (ЦУК), Стојанче Ангелов.

Земјоделци користат плински уреди кои што од време на време испуштаат звук сличен на пукот кој што ги брка птиците за да не го оштетуваат нивниот род, што е потенцијален ризик за предизвикување пожар.

- Овие плински уреди се голема опасност за предизвукување пожари на отворено кои прераснуваат во шумски пожари. Засега има најмалку еден потврден случај на експлозија на плинска боца што предизвика пожар, но благодарение на брзата интервенција на пожарникарте пожарот бил изгаснат. Апелирам до сите кои што ги користат овие уреди или да не ги користат или ако ги користат тоа да биде согласно закон. Оставањето на плинските боци на сонце е голем ризик и потенцијална опасност, изјави Ангелов. Тој упати и апел до граѓаните кои што живеат или престојуваат во во куќите или викенд куќите во напуштените села каде има пожари.

- Доколку забележат лабави жици или жици кои што не се доволно затегнати, жици кои искрат истото веднаш да го пријават во ЕВН, апелира Ангелов.

- Активни пожари кои што се провелекуваат со денови е оној кај Брзница каде благодарение и на локалното население направени се противпожарни појаси околу селото и сметам дека истото не е загрозено, но за жал пожарот продолжува низ многу квалитетна борова шума. Пожарот го гаси унгарски тим на кој му помагаат 50 припадници на АРМ и пожарникарите од Македонски Брод кои се само 12 на број. Активен е и пожарот на Илинска планина кој е мошне сложен за гаснење затоа што поради густиот чад што се крева поради гаснењето со вода од безбедносни причини ер тракторите мораа да бидат повлечени. Таму пожарот го гасат доброволци со поддршка на вработени во Национални шуми. И пожарот кај гевгелиско Фурка е тежок за гаснење, а таму дејствуваат неколку хеликоптери. Активен е и пожарот кај скопско Студеничани каде гори мешана шума. Гори и на Осоговските Планини кај селото Зелениград, Пробиштипско. Верувам дека овој пожар навреме ќе биде сопрен и нема да ја загрози викенд населбата Пониква. Има и други помали пожари со кои локалните противпожарни единици успешно се справуваат, информираше Ангелов.

Тој уште кажа дека во меѓувреме избувнуваат и нови пожари, како оној во Албанија кај Преспанското Езеро кој се движи кон Македонија.


Reg. No. A0042461G

АХАМ BRIDGE OF HUMANITY

ABN 93 019 262 123

АХАМ ГАРАНТИРА ДЕКА ВАШИТЕ ИСПРАТЕНИ БОКСИ ЌЕ ИМ БИДАТ ЛИЧНО ПРЕДАДЕНИ НА ПРИМАЧИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА ВО РОК ОД ТРИ МЕСЕЦИ ОТКАКО КОНТЕЈНЕРОТ ЌЕ ЗАМИНЕ ОД АВСТРАЛИЈА



**Места каде се издаваат и примаат кутиите**

**ВИКТОРИЈА**

Илија Јошевски Мечето 93673091, моб: 0418 396 256

Дијана Мицалевска Пупалевска 0414 743 117

**ЏИЛОНГ:** Коста 0401 550 841

**АЛТОНА:** Јован 9314 8585 ,0434 088 440

**АРДИА:** Милорад и Сенди 9363 3635

**БАНДУРА:** Филимена 9467 8027

**БОКС ХИЛ-РИНГВУД:** Гоце 0431 518 568

**ДАНДЕНОНГ:** Борката 9795 6305, 0411 767 613

**КИЛО-СЕНТ АЛБАНС:** Ило Мечето 9367 3091, 0418 396 256

**ЕСЕНДОН – АВОНДАИЛ ХАЈТС:** Целе Велјановски 9337 3931

**ЛАЈЛОР ЕПИНГ:** Кинг Фреш Бурек 9401 4777, Стојна и Панде 0481 184 038

**МЕЛТОН:** Драги 0419 325 848

**ПРЕСТОН – НОРТКОТ:** Валентина 0451 820 045

**ПРЕСТОН:** Аница 0409 416 273, Валентина 0451 820 045 Милка и Љупчо, Авио Травел 9471 4556, 9471 4559

**РЕЗЕРВО:** Ило 9460 7802, 0432 654 251

**СЕНТ АЛБАНС:** Кинг Фреш Бурек -9364 3752, 0414 544 563

**ЈАРАВИЛ:** Трена 9687 4663

**НОВ ЈУЖЕН ВЕЛС**

**СИДНЕЈ:** Љупчо 0415 801 989

**АРНКЛИФ:** Горан 0414 597 595

**БЕНКСТАУН – ЈАГУНА:** Сашо 9707 1430, 0416 934 638, Џексон - 9793 0366, 0407 175 727

**КАНЛЕЈ ВАЛИ:** Илија 9754 2287

**РОКДАЕЛ:** ВМ Центури Травел 9587 5493

**КАНБЕРА – КВИНБИЈАН:** Душица 0404 149 965

**ВОЛОНГОНГ – ПОРТ КЕМБЛА:** Васко 0450 484 418

**ЈУЖНА АВСТРАЛИЈА**

**АДЕЛАИД:** Драго 08 8345 1381

**ЗАПАДНА АВСТРАЛИЈА**

**ПЕРТ:** Славе 08 9300 8342, 0419 997 719, Ислам 9440 4038, 0433 214 874

**КВИНСЛЕНД**

**БРИЗБЕН:** Весна 0433 218 018, Невенка 0402 847 225

Добиената сметко-потврда е Tax Deductable, а ако ја пријавувате на вашата годишна такса

- Ќе се обидеме да го стопираме додека е на албанска територија бидејќи ако стигне на македонска територија тоа е непристапен терен каде што има и боровашума и неговото гаснење ќе биде исклучително тешко. Се обидуваме да стапиме во контакт со албанските власти за да можа да интервенираме со воздухоплови, информираше Ангелов.

Што се однесува до ресурсите за гаснење на пожарите од денеска тие се намалени затоа што чешкиот екипаж заминал како и еден хеликоптер од Словенија и двата „ер трактори“ од Шведска.

Остануваат еден српски хеликоптер, два од Унгарија и два „ер трактори“ од Германија. Во Македонија сè уште е и тимот од 44 унгарски пожарникари со специјални теренски возила кои што дејствуваат во реонот на село Брезница.

## Орел завиткан во ќебе спасен од пожарникари-доброволци од Кочани



Екипа пожарникари од Доброволното противпожарно друштво од Кочани интервенираа во спасување повредена и дезориентирана птица од загрозениот вид источноевропски царски орел. По добиената пријава од граѓани кои забележале дека птицата долго време стоела на покрив од викендичка на Пониква, на лице место се упатиле четири пожарникари со едно возило.

- Птицата ја најдовме заглавена во громобранската инсталација на објектот, беше дехидрирана и повредена, најверојатно како последица од пожарите во Осоговијата. Природните живеалишта на овие птици се уништени од огнената стихија и примерокот што го спасивме останал дезориентиран и не можел да се врати во своето гнездо. Повредениот орел веднаш го однесовме на ветеринар во Кочани кој го прегледа и му даде соодветна терапија со инфузија, а потоа ќе го транспортираме до Зоолошката градина во Скопје, каде ќе има соодветно згрижување до целосното заздравување. Ќе бараме, по подобрувањето на здравствената состојба, птицата да биде вратена во нејзината природна средина на Осоговските Планини, истакна пожарникарот Дејан Минов од ДПД – Кочани. Пожарот во околината на селото Зеленград, што изминатите денови се прошири на планинските падини, го зафати и заштитениот предел Осоговски Планини кое е живеалиште на царскиот орел, а од кој во државата е останат мал број двојки.

## ДРОНОВИ НА МВР ЗА РАНА ДЕТЕКЦИЈА НА ПОЖАРИ

Македонската полиција започна со употреба на дронови за мониторирање на шумските појаси во насока на рана превенција од пожари.

Како што информираат од Министерството за внатрешни работи, „со воведувањето на овие оперативни мерки се очекува не само да се зголеми ефикасноста во делот на раното предупредување и лоцирање на евентуалните пожари, туку и детектирање на можните причини или причинители на истите“.




# Мицкоски: Имаме информации дека ДУИ оваа есен може да преземе чекори за дестабилизација на државата




Имаме информации добиени од повеќе канали дека ова раководство на Демократската унија за интеграција (ДУИ) во обид да го заштити капиталот што го создаваше изминатите 20 години ќе преземе чекори во насока на дестабилизирање на државата. Според тие информации, очекуваме тоа да се случи оваа есен.

Ована прес-конференција што ја имаше заедно со косовскиот премиер Албин Курти го изјави премиерот Христијан Мицкоски одговарајќи на новинарско прашање да открие повеќе детали за информациите што ги изнесе во последното интервју за неделникот „Фокус", дека ДУИ со своето однесување ја загрозува интеретничката слика во државата и претставува закана по мирот и стабилноста на државата, во насока на тоа да објасни за какви закани станува збор.

- Ние како влада имаме полно право да го браниме територијалниот суверенитет, интегритетот и мирот на граѓаните. Тоа е и целта на една држава. Врз основа на тие информации што ги имаме очекуваме тоа да се случи оваа есен. Да почекаме времето да даде одговор, дали тие информации ќе се потврдат или нема да бидат точни, рече Мицкоски.

Премиерот во интервјуто за „Фокус" посочи дека не ја исклучува можноста одредени групи и структури да бидат несвесно изманипулирани, а тоа, според него, може да го предизвика територијалниот интегритет и суверенитет, односно да создадат криза.

За тоа дали има информации дали се подготвуваат сценарија со протести, премиерот посочи дека нема такви информации, но дека протестите се легитимни сѐ додека се демократски и мирни, но ако преминат во насилни, повтори дека тогаш како влада имаат право да го бранат суверенитетот на државата.

Според него, начинот на кој функционира демократијата не е „победник со победник", зашто во политиката не може да се биде малку со едните, па малку со другите, особено што рече дека со ДУИ имаат дијаметрално различни платформи.

- Не може седум години да бидете во влада со СДСМ и да речете – тоа веќе не важи и сега ќе одам со ВМРО-ДПМНЕ. Тоа така не може. Вие сте го избрале вашиот коалициски партнер врз основа на програма сте функционирале, без разлика каква била таа. Таа била владина програма, таа влада е поразена, делегитимирана и тука завршува целиот процеес. ДУИ со коалицијата и СДСМ заедно освоија помалку од 300 илјади гласови. ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата освоија близу 450 илјади гласови, а заедно со „Вреди" и ЗНАМ повеќе од 600 илјади. Јасна е волјата на народот, рече Мицкоски во интервјуто за „Фокус".

Во таква политичка реалност, како што посочи тој, поразените треба да одат во опозиција, а победникот ја создава структурата на идната влада.

Жељко Стојаковиќ
Barristers & Solicitors

РАЗУМНИ ЦЕНИ ЗА НАШИТЕ УСЛУГИ
- Challenging Wills
- Family Law
- Criminal Law
- Wills & Probate
- All Courts & Tribunals
- Оспоруваме тестамент
- Семејно право
- Кривично право
- Тестаменти и Оставнина
- Сите судови и трибунали

Suite 5, Floor 1, 332A Main Rd East, St Albans
Tel: (03) 9310 9971

maurice
blackburn
lawyers

# Искусни адвокати кои го зборуваат вашиот јазик

Кога ви треба помош со правни прашања, може да биде загрижувачко. Затоа ние сме до вас да ви помогнеме кога имате најголема потреба.

За правна поддршка, бидете сигурни со нас.

Им помогнавме на преку 500.000 Австралијци да си ја подобрат својата ситуација, и спремни сме исто да направиме голема разлика за вас.

Како прва адвокатска фирма за тужители во Австралија, имаме искуство на кое можете да сметате.

## Запознајте се со нашите адвокати кои зборуваат македонски:



**Мајкл Стојановски (Чкоров)**
Адвокат
Џилонг, Викторија

Мајкл е вработен како адвокат со Морис Блекбурн од 2018 г и долго време е активен во македонската заедница. Тој исто има искуство како волонтер во правна помош со Македонското Здружение на Млади Правници во Скопје.

**Џилонг** (03) 5221 1152

**понеделник – петок,**
09:00 – 17:00 ч.



**Димче Талевски (Тунџев)**
Адвокат
Саншајн, Викторија

Димче има повеќе од 10 години искуство обезбедувајќи правни услуги и горд е што служел многу македонски клиенти во ова време.

**Саншајн** (03) 9310 2966

**понеделник – петок,**
09:00 – 17:00 ч.

## Во најголем број случаи нудиме:

Прва консултација без обврска*

Без победа, нема наплата**

И ако не можете да дојдете кај нас, ние обично можеме да дојдеме кај вас.

*Не мора да плаќате ако одлучете да не го продолжите вашето барање, значи е бесплатно да си ги дознаете вашите права
**За повеќе информации околу нашите правни услуги 'без победа, нема наплата' посетете mauriceblackburn.com.au/about/fees/

### ОБВИНЕНИЈА ПРОТИВ 34-ГОДИШЕН ВРАБОТЕН ВО МВР ОД РЕСЕН

# Приведен на Косово за 2 милиони фалсификувани монети од 2 евра



Ресенчанецот **Ш.Д.** (34), вработен во Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал во *МВР*, деновиве е уапсен во *Косово* под сомнение за производство на 2 милиони фалсификувани монети од 2 евра. Во оваа операција беа вклучени македонската и косовската полиција, *Европол* и Проектот *„Европравда за кривична правда во Западен Балкан"*.

За време на претресот во неговиот дом и на уште две локаци, властите запленилe две машини опремени со компресори за правење лажни монети од 2 евра, шест метални маркички, калапи за монети од 2 евра и разни материјали што се користат за фалсификување. На фалсификуваните монети од 2 евра беа прикажани мотиви од *Франција, Италија, Хрватска, Финска* и *Португалија*, што погрешно сугерира дека се од овие земји.

Минатата година Централната банка на *Косово* повлече од оптек околу 2.5 милиони фалсификувани монети од 2 евра во вредност од 5 милиони евра. Понатаму, Народната банка на *Македонија* извести дека во последните години наишла на значителен број фалсификувани монети од 2 евра. Поточно, минатата година беа пронајдени над 11.000 лажни монети од 2 евра. Во 2022 година, откриени се приближно 10.717 фалсификувани монети од 2 евра и 231 фалсификувани монети од 1 евра.

Овој случај не е прв со македонски државјани кои се уапсени во *Косово* за фалсификувани монети од 2 евра. На пример во ноември претходната година тројца македонски и тројца косовски државјани беа приведени поради поседување фалсификувани 85.000 евра во апоени од 2 евра. Европската централна банка издаде предупредувања за сериозен пораст на фалсификуваните монети од 2 евра низ еврозоната во последните две години. Следствено, будноста и меѓународната соработка се сè поважни за борба против ова прашање.

## Приведен 58-годишен кумановец кој со физичка сила ограбил 84-годишно лице на автобуска постојка и избегал со украдено возило

Полицијата го уапсила **Н.З.** (58) од *Куманово* и жена соучесник за грабеж на **С.П.(**84) на автобуска постојка во *Пезово*. Тие на 3 август употребиле физичка сила при грабежот и побегнале со украденото возило „форд галакси", кое во меѓувреме е пронајдено. *МВР* ја продолжува истрагата. Возилото „форд галакси" било украдено на 2 август година од викендичка во кумановско *Скачковце*. Имотот е на **Ј.М.**(47) од *Куманово*. Возилото и некои украдени предмети се пронајдени од властите.


## "Успение на Пресвета Богородица" - Сиденхам



Свештеникот, протерej ставрофор **Ефтим Бетински** ќе биде достапен во црквата *"Успение на Пресвета Богородица"* секој ден од понеделник до петок, од 10:00 до 15:00 часот, Моб: **0499 007 574** или email: *betinski_e@yahoo.com*

Неделната богослужба е од 9:00 часот.

*Macedonian Australian Orthodox Church «Uspenie na Presveta Bogorodica - St. Mary" Western Region inc.- 340 Sydenham Road Sydenham Vic 3037*



## 121 ГОДИНА ОД ВОСТАНИЕТО ВО КРУШЕВО И ПРВАТА РЕПУБЛИКА НА БАЛКАНОТ:

# Одбележан македонскиот национален празник Илинден во Австралија





**Пред споменикот на Гоце Делчев, во дворот на катедралната црква "Св. Ѓорги и Пресвета Богородица" во Мелбурн**



*Со низа манифестации 2 Август - националниот празник на Македонија Илинден 1903-1944 беше одбележан и од македонската заедница во Австралија*

Минатиов петок пред споменикот на **Гоце Делчев**, во дворот на катедралната црква *"Св Ѓорѓи и Пресвета Богородица"* во *Епинг*, по традиција Македонците се собраа да му оддадат почит на националниот идол за празникот *Илинден* и на сите што се бореле за слободна *Македонија*.

Програмата ја водеше **Ицо Најдовски Перин**, заменик секретар на *МПОМВ*. Отец **Климент Станковски** одржа панихида за сите што го имаат положено својот живот на олтарот за независна *Македонија*. **Дејан Змејковски**, заменик претседателот на Македонската православна општина за *Мелбурн* и *Викторија*, на централната комеморација во *Мелбурн* пред бистата на **Гоце Делчев** во *Епинг*, одржа говор по повод 121 година од Илинденското востание и 80 години *АСНОМ*.

*„Илинден е најзначајниот ден во годината за Македонците. Тоа е денот кој дефинира нација, народ и идентитет. Значењето на овој ден, надополнето со жртвите што ги направиле нашите предци, не може да се потцени. Ние сме повикани до ден-денес на сеќавање, благодарност, тага и гордост. Се надеваме дека ќе продолжиме да растеме и да се поддржуваме еден со друг и да ја градиме нашата заедница, заедница со која идните генерации ќе можат да гледаат station наназад и да се гордеат"*, рече **Змејковски.**

Следеше програма со



**Во Цилонг нашата заедница во МПЦО "Свети Јован Крстител" се собра да оддаде почит за Илинден**



*Во Сиднеј, во организација на управниот одбор на Рокдаел Илинден свечено беше прославен националниот празник Илинден*




*Во Њукастел се одржа церемонија во дворот на МПЦ „Пресвета Богородица" со положување венци пред бистата на Гоце Делчев*



*По литургијата во црковната сала на „Св. Петка" во Рокдаел пред голем број парохијани беше отслужена панихида за сите илинденци*

претставници од литературното друштво *„Кочо Рацин"* и обраќање од **Живан Рендев** од организацијата *„Наша Македонија"*. После тоа делегации на организации и друштва, како и поединци се поклонија и положија венци пред споменикот на **Гоце Делчев**. Низ цела *Австралија* каде што има *Македонци* се одржаа слични одбележувања за националниот празник на *Македонија - Илинден* и ви доловуваме дел од атмосферата преку приложените слики.

ДИГИТАЛНО ИЗДАНИЕ НА TODAY - ДЕНЕС
БЕСПЛАТНО СЕКОЈ ПЕТОК




БЕЗ ЛИМИТ ПОНУДА

ВО ОВА ВРЕМЕ НА БРЗИ ПРОМЕНИ, БИДЕТЕ ИНФОРМИРАНИ СО ВЕСТИ И ИНФОРМАЦИИ ОД ЗАЕДНИЦАТА ШТО ВИ СЕ ПОТРЕБНИ.

Пријавувањето е лесно за да добивате дигитален пристап бесплатно... Посетете ја интернет страницата www.australianmacedonian.com.au и пополнете ги вашите детали со име презиме и email адреса на која ќе ви стигнува дигиталното издание

Автоматски можете да го гледате на компјутер, таблет и мобилен телефон, каде било, во кое било време и на кој било уред. Австралискио Македонски Денес се објавува секој петок, одржувајќи традиција на независно новинарство, откако е основан во 1991 година. Со висок стандард на содржина и презентација привлекува широк спектар на читатели од сите возрасти.

### ХИРОШИМА ОДБЕЛЕЖА 79 ГОДИНИ ОД АТОМСКАТА БОМБА:

# Повик за глобален мир и откажување од нуклеарни закани



Во *Хирошима* се одбележаа 79 години од атомскиот напад извршен од *САД*, при што околу 50.000 луѓе оддадоа почит на жртвит.

Едноминутно молчење беше одржано во 8:15 часот, точното време кога нуклеарната бомба беше фрлена од американскиот бомбардер *Енола Геј* и детонирана над градот на 6 август 1945 година, при што загинаа околу 140.000 луѓе. Мноштво посетители дојдоа во паркот во раните утрински часови за да принесат молитви и цвеќиња и да избегнат построги безбедносни ограничувања.

Три дена откако бомбата, наречена *„Малото момче"*, ја десеткуваше *Хирошима*, втора атомска бомба беше фрлена врз *Нагасаки*. *Јапонија* им се предаде на сојузничките сили шест дена подоцна, означувајќи го крајот на Втората светска војна. Комбинираниот број на официјално признати преживеани од двата нуклеарни напади изнесуваше 106.825 заклучно со март оваа година, што е намалување за 6.824 во однос на претходната година, според Министерството за здравство, труд и благосостојба. Нивната просечна возраст надминува 85 години.

Градоначалникот на *Хирошима*, **Казуми Мацуи**, упати апел за обединување на народите со цел да ги поттикнат светските лидери да се откажат од нуклеарни закани, посебно во контекст на глобалните конфликти како војната во *Украина* и *Блискиот Исток*.

*– Рускиот продолжен напад врз Украина и влошената ситуација помеѓу Израел и Палестинците го зголемуваат стравот и недовербата меѓу народите, зајакнувајќи го ставот дека мораме да се потпираме на воената сила за решавање на меѓународните проблеми, што треба да го отфрлиме*, рече **Мацуи** во својот говор. Премиерот **Фумио Кишида**, кој претставува изборна единица во Хирошима, во својот говор на церемонијата предупреди дека моментумот кон свет без нуклеарно оружје е на работ на пресврт за првпат од екот на Студената војна. *– Наша должност е како единствена земја која ја доживеала употребата на нуклеарно оружје во војна постојано да работиме на остварување на свет без нуклеарно оружје,* рече тој.

Церемонијата, на која присуствуваа околу 50.000 луѓе, вклучуваше претставници од 109 нации и *Европската Унија*. Поради кризата во *Украина*, *Русија* и *Белорусија* не беа поканети на церемонијата трета година по ред.

Оваа година, амбасадорот на *Израел* присуствуваше на церемонијата, додека палестински претставник не беше поканет. Палестинската амбасада изрази критика за непоканувањето на нивниот претставник, што го нарече двоен стандард.

За време на церемонијата, **Изуми Накамицу**, генерален потсекретар на *ОН* и висок претставник за прашања за разоружување, ја прочита изјавата на генералниот секретар на *ОН* **Антонио Гутереш** во која тој истакна: *„Од минатата година, глобалната недоверба и поделба само се продлабочија… некои непромислено повторно се закануваат со нуклеарно оружје. „Светот мора да застане заедно за да го осуди ова неприфатливо однесување. И ние мора да најдеме нови решенија за да го оживееме разоружувањето"*, се вели во соопштението.





### БОРЕЛ:

# Блискиот Исток е на работ на војна од непознати размери

Високиот претставник на *ЕУ* за надворешна политика и безбедност, **Жосеп Борел**, предупреди дека *Блискиот Исток* е на работ на војна од непознати размери и повика да се спречи уште една катастрофа.

**Борел** изјави дека патот кон напредокот се заснова на консензус за итен прекин на огнот во *Газа* и рече дека секој што ќе застане на патот на деескалација ќе одговара.

*„Тензиите продолжуваат да ескалираат на Блискиот Исток доведувајќи го на работ на војна од непознати размери. Сите ние мора да спречиме нова катастрофа. Патот напред е главно консензуален: прекин на огнот во Газа, сега. Сите оние што стојат на патот на деескалација ќе бидат повикани на одговорност*", изјави **Борел**.

# Трамп се согласи на дебата со Камала Харис во септември



Американскиот републикански претседателски кандидат **Доналд Трамп** објави дека се договорил за телевизиска дебата на 4 септември со **Камала Харис**, американската потпретседателка и очекуваниот демократски кандидат за претседател на *САД*. *„Се договорив со Фокс њуз да имам дебата со* ***Камала Харис*** *во среда, на 4 септември*", изјави **Трамп**. **Џејми Харисон**, претседателот на Демократскиот национален комитет и изборниот штаб на **Камала Харис** објави дека американската потпретседателка обезбедила доволен број делегациски гласови за кандидатурата на демократите на претстојните претседателски избори. **Камала Харис** најави дека официјално ја прифати номинацијата оваа недела како демократски кандидат за ноемвриските претседателски избори по повлекувањето на актуелниот претседател **Џо Бајден** од изборната трка.

# Сега Индонезија има поголем економски раст од Кина

Бруто-домашниот производ на *Индонезија* силно порасна во вториот квартал благодарение на потрошувачката на домаќинствата и инвестициите, покажаа официјалните податоци, кои укажуваат дека најголемата економија во *Југоисточна Азија* ја надмина *Кина* во однос на растот.

Активноста во индонезиската економија е зголемена од април до јуни за 5,05 отсто во однос на истиот период минатата година, а речиси иста стапка на раст е забележана и на почетокот на годината, покажуваат податоците на Индонезискиот завод за статистика.

На тримесечно ниво активноста е зголемена за 3,79 отсто. Потрошувачката на домаќинствата во празничната сезона скокнала за 4,93 отсто во однос на истиот период лани, а државната потрошувачка за 1,42 отсто.

Инвестициите на компаниите се зголемени за 4,43 отсто. Извозот порасnал за 8,28 отсто на годишно ниво, а увозот порасnал речиси за ист процент.

Меѓународниот монетарен фонд (ММФ) во април процени дека индонезиската економија ќе порасне за пет проценти оваа година, а речиси иста стапка на раст очекуваат и во 2025 година. Тоа би значело дека *Индонезија* во групата на азиски економии во развој и економии во развој ќе биде претекната само од Индија, чиј *БДП* треба да порасне за 6,8 отсто оваа година и за 6,5 отсто во 2025 година. Според пресметките на *ММФ*, кинеската економија треба да порасне за 4,6 отсто годинава и за 4,1 отсто во 2025 година.





# СЕСТРАТА НА СОПРУГАТА НА КАНЈЕ ВЕСТ ТРГНА ПО НИВНИ СТАПКИ: РАЗГОЛЕНА ИСТО КАКО БЈАНКА ЦЕНСОРИ

Помладата сестра на сопругата на Канје Вест експериментира со стилот и се почесто почнува да ја копира својата позната сестра.

Австралискиот модел Анџелина Ценсори, помладата сестра на озборуваната сопруга на американскиот рапер Канје Вест, Бјанка, реши да тргне по стапките на својата позната сестра и почна да го копира нејзиниот стил. За разлика од Бјанка, момата сè уште демонстрира лесна опција на вулгарност. Така на нејзината страница на Инстаграм таа сподели неколку фотографии на кои позира облечена во долна облека.

На фотографијата Анџелина клечи во близина на ѕидот. Таа носи сив плетен градник и проѕирни шорцеви со висок струк. Пар чизми со потпетици до колена го комплетираат изгледот. Косата на девојката е пуштена, а на лицето има минимална шминка.

Во март оваа година, Анџелина ги негираше информациите дека нејзиното семејство е загрижено за нејзината сестра Бјанка поради нејзините „голи" модни изгледи под притисок на сопругот Канје. Таа вели дека тврдењата се „глупости" и дека нејзиното семејство го поддржува парот и е воодушевено од раперот.

„Сите го поддржуваме. Го поддржуваме неговиот нов албум. Ја поддржуваме неговата нова облека што ја создава", изјави таа за „Хералд сан". Анџелина, исто така, ја опиша својата постара сестра како нејзина „најдобра пријателка и доверлива личност" и ги негираше гласините дека нејзиниот татко, Лео Ценсори, не го поднесува Вест.

„Сето ова е само глупост. Татко ми никогаш нема зборувано за тоа. Ништо не е точно", рече таа.

# ИЗЛЕЗЕ НОВОТО ПЕЧАТЕНО ИЗДАНИЕ НА АВСТРАЛИСКО МАКЕДОНСКИ НЕДЕЛНИК

СЕКОЈ ВТОРНИК ВО ВАШАТА НАЈБЛИСКА ПРОДАВНИЦА ЗА ВЕСНИЦИ



www.australianmacedonian.com.au

AUSTRALIAN MACEDONIAN WEEKLY

Австралиско Македонски Неделник

Edition No. 1826 Year 37 • Tuesday, 6 August 2024 • Price $4.00 inc GST

Патувајте во Македонија и секаде во светот
AVIO TRAVEL Lic. No 32481
335 High St. Preston
03/ 9471 4556
03/ 9471 4559
mobile 0401 686 970
Зборувајте со професионални агенти

ПОГОЛЕМА ГУЖВА НА ЕВЗОНИ ОТКОЛКУ НА МЕЧКИН КАМЕН

ПОДГОТОВКА ЗА НОВИТЕ ИЗБОРИ:
РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ВЛАДАТА НА АЛБАНЕЗЕ

121 ГОДИНА ОД ВОСТАНИЕТО ВО КРУШЕВО И ПРВАТА РЕПУБЛИКА НА БАЛКАНОТ:
ВО АВСТРАЛИЈА ОДБЕЛЕЖАН ИЛИНДЕН

СИЉАНОВСКА-ДАВКОВА: БИТКАТА ЗА МЛАДИТЕ Е БИТКА ЗА ЧЕТВРТАТА МАКЕДОНСКА РЕПУБЛИКА

МИЦКОСКИ: КАДЕ НИ Е ЕДИНСТВОТО? ЗАШТО БОРБАТА СЕ УШТЕ ТРАЕ, А НЕМАМЕ ОПЦИЈА ДА ЗАГУБИМЕ!

АВСТРАЛИСКАТА ПРАТЕНИЧКА КАСАНДРА ФЕРНАНДО НА СРЕДБА СО ПГ НА СОБРАНИЕТО ЗА СОРАБОТКА СО АВСТРАЛИЈА: МОСТ ЗА ЗАЦВРСТУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ СО АВСТРАЛИЈА


БЕЗ ПОБЕДА, НЕМА НАПЛАТА

arnold thomas & becker lawyers

НИЕ СМЕ АДВОКАТСКА ФИРМА СО ЕКСПЕРТИ ЗА:
- сообраќајни повреди / TAC
- повреди на работно место / workcover
- побарувања од медицинска небрижност
- побарувања за повреда при раѓање
- побарувања за отштета од азбестос
- повреди на јавно место
- повреди работници на државни места / Comcare Claims
- Суперануација / неспособност за работа

За проблемите што ги имате околу повреди на работно место зборувајте со ТОНИ ШИШКОВСКИ на македонски јазик на (03) 9614 1433

Tony Siskovski
Director

ЕКСПЕРТИ ВО ЗАКОНОТ ЗА ПОВРЕДИ

573-577 Lonsdale Street, Melbourne, VIC 3000 www.arnoldthomasbecker.com.au


# АФИРМИРАТОР НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК, КУЛТУРА И ТРАДИЦИЈА

# Македонија има златни момчиња – кошаркарите до 18 години се европски прваци во Б-дивизијата

Јуниорската репрезентација на Македонија го освои првиот пехар и се промовира како европски шампион на Европското првенство (ЕП) Б-дивизија што се одржа во Скопје, откако во големото финале славеше над Австрија (98:88).

Во дуелот на непоразените, Македонија беше подобра од Австрија во меч во кој целосно доминираше од почетокот до крајот. Нашиот национален тим забележа осум победи на осум средби, а покрај над Австрија во финалето, во нокаут-рундата славеше над Португалија и Бугарија, а претходно во групата ги доби Ирска, Кипар, БиХ, Чешка и Украина.

Поради настапот во финалето и Македонија и Австрија во следното издание на Европското јуниорско првенство ќе играат во А-дивизијата. Таму ги чекаат: Германија, Хрватска, Шпанија, Франција, Шведска, Грција, Данска, Србија, Италија, Израел, Латвија...

## Ќе добијат и парична награда од Владата

Владата на Македонија донесе одлука дека треба да се наградат младите кошаркари до 18 години за освоениот златен медал на Европското првенство за јуниори.

- На мој предлог Владата донесе одлука за награда во износ од 3 милиони денари (нешто над А$80,000) на кошаркарите до 18 години кои освоија злато на Европското кошаркарско првенство. Оваа "златна" генерација донесе 8 победи за Македонија. Горди сме на нивниот успех, со срце и енергија за Македонија и нејзината спортска промоција, порача премиерот Християн Мицкоски кој имаше средба со златните момчиња.



## СИТИ ГО ДОНЕСЕ ПРЕД ДВЕ ГОДИНИ ЗА 14 МИЛИОНИ ЕВРА. СЕГА ГО ПРОДАДЕ НА АТЛЕТИКО ЗА 95



Манчестер сити се согласи да го продаде Хулијан Алварез (24) на Атлетико Мадрид.

Атлетико ќе му плати на Сити 75 милиони евра фиксно обештетување за Алварез, заедно со 20 милиони евра бонуси. Според англиските медиуми тоа е многу остварлив бонус, па веќе е јасно дека обештетувањето ќе изнесува 95 милиони евра.

Пред десетина дена се појави информација дека Алварез побарал од Пеп Гвардиола да го пушти да го замине од клубот. Постојат две клучни причини зошто сака да замине. Првиот е разбирлив бидејќи Аргентинецот сака да има поголема минутажа, а тоа освен Ерлинг Халанд не може да го гарантира никој во тимот.

Но, уште една причина ги налути навивачите на Сити, кои барањето го нарекоа бизарно. Имено, на Алварез и неговата девојка им е доста од студеното време во Англија и сакаат да одат на потопли места.

MILE UNCEVSKI FUNERAL SERVICES
Прва македонска погребна канцеларија во Австралија

Зборувајте со Миле Унчевски на 02 9502 3205
Миле Унчевски ги разбира македонските православни обичаи и погреби, тој е тука да ви помогне во најтешките моменти.
Повеќе од 9 години Миле со неговата погребна компанија помага во најтешките моменти.
За денот на погребот можеме да ви обезбедиме крпи, литургија, пченица.
Организираме погреби од Австралија во Македонија и обратно, доколку некој покоен имал желба да биде погребан во Македонија или во Австралија.
Serving the Macedonian Orthodox Community 24 Hours/7 Days
403 Forest Road, Bexley NSW 2207
Tel: 02 9502 3205, Fax: 02 9554 9735

**НАЦИОНАЛНА ПРЕМИЕР ЛИГА НА НЈВ, 27 КОЛО**

# Волонгонг Вулвс – Рокдаел Илинден 1:2



Драматична победа на Рокдаел Илинден, буквално извојувана во последните моменти од средбата. На вистинското место во вистински момент беше херојот на средбата Блејк Ричуто и го постигна голот со кој беа совладани Волгонгонг Вулвс. Рокдаел Илинден прв дојде до водство во втората минута преку Со Катаока за 0:1. Домаќинот изедначи во 20 минута преку Крис Мекстеј на 1:1.

После тоа се чекаше завршницата и во моментите кога сите мислеа дека ќе заврши средбата нерешено, во 92 минута Ричуто постигна гол за победа на Илинден од 1:2.

Преостануваат уште три натпревари до крајот на првенството, а Рокдаел Илинден има солидна предност од шест поени над второпласираниот Маркони.

Во недела, на 11 август, Рокдаел Илинден ја пречекува екипата на Сатерланд Шаркс со почеток во 15 часот.

**ТАБЕЛА**

| | |
|---|---|
| Рокдаел Илинден | 65 |
| Маркони | 59 |
| АПИА Леикард | 51 |
| Блектаун Сити | 51 |
| Сиднеј Јунајтед | 44 |
| Волонгонг Вулвс | 43 |
| Сент Џорџ Сити | 43 |
| Сиднеј Олимпик | 39 |
| Вестерн Сиднеј Вондерерс | 32 |
| НЈВ Спирит | 30 |
| Манли Јунајтед | 29 |
| Централ Кост Маринерс | 26 |
| Сент Џорџ Сеинтс | 26 |
| Сатерланд Шаркс | 25 |
| Хилс Јунајтед | 24 |
| Сиднеј | 23 |

**ПРВА ЛИГА НА НЈВ, 27 КОЛО**

# Сиднеј Македонија – Непеан 1:0



Минимална но значајна победа над екипата на Непеан која е сигурен кандидат за испаѓање од лигата. Стрелец на единствениот гол беше Рет Десилва во 35 минута. Тоа се покажа на крајот доволно за освојување на трите бода со што се прескокна Хакоа и сега Сиднеј Македонија е на третото место на табелата. Остануваат само уште три кола до крајот на сезоната и надежта доколку се освојат сите девет бодови до крајот, а Булс Академи кикса на две средби, да се заземе второто место што носи промоција. Сиднеј Македонија има поволен распоред во последните три кола, а Булс Академи игра со лидерот и четвртиот на табелата.

Во сабота, на 10 август, Сиднеј Македонија игра во гости кај Бонириг Вајт Иглс со почеток во 17 часот.

**ТАБЕЛА**

| | |
|---|---|
| Маунт Друит Таун | 61 |
| Булс Академи | 58 |
| Сиднеј Македонија | 53 |
| Хакоа Сиднеј | 52 |
| СД Раидерс | 47 |
| НЈВ Универзитет | 43 |
| Нордерн Тајгерс | 42 |
| Блектаун Спартанс | 42 |
| Интер Лајонс | 36 |
| Бонириг Вајт Иглс | 35 |
| Ридалмер Лајонс | 33 |
| Кантербури Бенкстаун | 30 |
| Дулвич Хил | 23 |
| Макартур Рамс | 23 |
| Дунбар Роверс | 15 |
| Непеан | 12 |




### НАЦИОНАЛНА ПРЕМИЕР ЛИГА НА ВИКТОРИЈА, 24 КОЛО

# Алтона Маџик Вардар – Мореланд Сити 6:3



Ретко се гледа натпревар на кој се постигнати девет голови, и од почеток до крајот на средбата имаше возбудливи моменти. Мореланд беше прв кој дојде до водство во 20 минута преку Раул Суреш за 0:1. Радоста на гостите не траеше долго бидејки во 25 минута Даниел Фабризио го изедначи резултатот на 1:1.

Во второто полувреме Алтона Маџик Вардар направи брза серија со головите на Бул Џуак во 47` и Даниел Дузел за 3:1. Мореланд преку суданецот Апаи Укино намали на 3:2 во 65 минута. Следеше брз одговор на Вардар со погодоците на Стефен Лолес 73` и Џуак во 81` и 83 минута за 6:2. Во последните моменти од средбата во 92 минута Хосе Санз го постави конечниот резултат за 6:3.

Во сабота, на 10 август, Алтона Маџик гостува кај Хјум Сити со почеток во 19 часот.

**ТАБЕЛА**

| | |
|---|---|
| Саут Мелбурн | 56 |
| Авондаел | 50 |
| Окли Канонс | 47 |
| Хјум Сити | 47 |
| Хајделберг Јунајтед | 45 |
| Данденонг Сити | 34 |
| Порт Мелбурн Шаркс | 33 |
| Мелбурн Најтс | 32 |
| Алтона Маџик Вардар | 30 |
| Данденонг Тандер | 25 |
| Грин Гали | 24 |
| Сент Албанс | 22 |
| Манингам Јунајтед | 18 |
| Мореланд Сити | 11 |



# Австралискиот атлетичар со македонско потекло за 11 сантиметри не ги мина квалификациите во скок во далечина

Атлетскиот репрезентативецот на Австралија со македонски корени, Кристофер Митревски, го имаше својот настап во дисциплината скок во далечина на Летните олимписки игри во Париз.

Крис Митревски успеа да прескокне само 7.79 метри, што не беше доволно за влез во финалето во оваа атрактивна дисциплина. Тоа значеше и пласман на 18-тото место помеѓу 32-цата скокачи во далечина. За влез во финалето, односно за пласман барем на 12-тото потребни беа 7.90 метри, па на Митревски му недостигаа само 11 сантиметри.

Во квалификациите победи, Митиадис Тентоглу, со резултат од 8.32 метри, а она што е интересно токму 8.32 е најдобриот резултат на Митревски и од него се очекуваше борба за медал на Олимпијадата со Париз.



Australian Macedonian TODAY
Австралиски Македонски ДНЕС
СПОРТ
ISSN 1442-195X

# ТЕНИС ВО ДВОЈКИ: ЕБДЕН И ПИРС ОСВОИЈА ЗЛАТО



Австралиската тениска двојка Метју Ебден – Џон Пирс го освои златниот медал на Олимписките игри, откако во финалето триумфираа над Американците Остин Крајичек и Раџив Рам со резултат 2:1 (6:7 (6:8), 7:6 (7:1), 10:8).

Мечот кој траеше два часа и четири минути започна со водство на Американците кои го добија првиот сет во тај брејк.

Австралијците на ист начин одговорија во вториот сет, а потоа следеше решавачки трет сет и супер тај брејк во кој Ебден и Рам ја искористија четвртата меч топка за олимпиското злато.

# ПЕТИ МИЛС ЗАМИНУВА ВО РЕПРЕЗЕНТАТИВНА ПЕНЗИЈА

Легендарниот австралиски репрезентативец Пети Милс, 35, заминува во пензија. Натпреварот против Србија во четвртфиналето на Летените олимписки игри во Париз е последен во националниот дрес на овој кошаркар.

Легендата на австралиската кошарка се збогува со националниот дрес како лидер на својот тим против Србија со вкупно 26 постигнати поени, а и токму тој беше оној кој го одведе натпреварот во продолжение реализирајќи обид над Никола Јокиќ.

Милс дебитираше во дресот на Австралија во 2007 година, а низ годините одигра 64 официјални средби и настапи на 13 големи турнири од кои пет Олимписки игри и три Светски првенства.



